КОАЛИЦИЈА KOALICIONI KOALICIJA
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

www.caft.org.mk
www.otvorenosudstvo.org.mk
Mail: contact@caft.org.mk
Facebook: all.for.fair.trials
Twitter: @All4FairTrialsM

Коалиција на здруженија на граѓани
**СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ**
ул. Македонија бр.11/2-10, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел/факс: +389 2 6139874

**До:**

**Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество**

**Предмет: Пријава за член на Комисијата за селекција за избор на член на Судскиот совет**

Почитувани,

Во врска со повикот за пријавување заинтересирани претставници на граѓански организации за учество во Комисијата за селекција за избор на член на Судскиот совет од редот на членовите кои ги избира Собранието, Коалицијата „Сите за правично судење“ ја предлага **Ивана Петковска** за член на Комисијата, како претставник на Коалицијата.

Коалицијата „Сите за правично судење“ е граѓанска организација која работи на унапредување на владеењето на правото, заштитата на правото на правично судење и јакнењето на независноста, транспарентноста и отчетноста на правосудството. Значаен дел од нејзината работа е континуираното следење на работата на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители, вклучително и постапките за избор, унапредување и утврдување одговорност на судиите и јавните обвинители.

Ивана Петковска има повеќе од осум години професионално искуство во граѓанскиот сектор во областите на правосудството и владеењето на правото. Нејзиното искуство опфаќа мониторинг на судски постапки и мониторинг на работата на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители, подготовка на правни анализи и препораки, како и учество во процеси за унапредување на законската рамка и институционалните практики. Воедно беше и член на работната група при Министерството за правда за измени на Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Сметаме дека нејзиното познавање на работата и надлежностите на Судскиот совет, како и искуството во следењето и анализата на правосудните реформи, претставуваат соодветна основа за непристрасен придонес во работата на Комисијата.

Ве молиме да ја разгледате оваа пријава и да ја изберете Ивана Петковска за член на Комисијата, како претставник на граѓанска организација која работи во областа на владеењето на правото и правосудството.

Во прилог на оваа пријава ја доставуваме и нејзината професионална биографија.

Контакт податоци за кандидатот:

E-mail адреса: ipetkovska@caft.org.mk

Телефон: 070/252-993

21.09.2026 година, Скопје

Коалиција на здруженија на граѓани "Сите за правично судење" Скопје
Koalicioni i shoqatave të qytetarëve "Të gjithë për gjykime të drejta" Shkup
Koalicija tare djianeske Kidinja "Sarine bašo nijamalo krisipe" Skopje

Со почит,

Извршен директор

Дарко Аврамовски